

С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

на

Општина Ранковце

Службен гласник на Општина Ранковце Издавач:Општина Ранковце излегува по потреба	Година XXIII број 10 04 Октомври 2022 година Ранковце	Гласникот е бесплатен

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2023 година

1.Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2023 година, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.09.2022 година.

2.Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1121/1 **Општина Ранковце**
03.10.2022 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002),член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (СВ на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018)и член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот општина Ранковце(Службен гласник на општина Ранковце бр.09/2005; 04/2010; 03/2011; 11/2015; 4 /2019 г.и 5/2022) , Советот на општина Ранковце, на **XIV – та**седницата одржана на **30.09.2022** година, донесе

ОДЛУКА
за давање согласност
Годишниот план за вработување во општина Ранковце за 2023 г.

Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во општина Ранковце за 2023 г. заведенподделоводенброј 08 –997/1 од 26.08.2022 г. донесен од градоначалникот на општина Ранковце.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ранковце“.

Бр.09-1087/3
30.09.2022 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за определување на цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и инертен отпад

1.Се прогласува Одлуката за определување на цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и инертен отпад, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.09.2022 година.

2.Одлуката за определување на цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и инертен отпад, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1121/2
03.10.2022 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр 2/05), член 121 став 1 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија “ бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

О Д Л У К А
За определување на цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и инертен отпад

Член 1

Со оваа Одлука се определува цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и инертен отпад на физички и правни лица во Општина Ранковце, и тоа:

-за физички лица, цена од 251 денари месечно(паушално); и

-за правни лица, цена од 20 денари од $м^2$

Цените се без пресметан ДДВ

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, истата ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Ранковце’’ а ќе се применува од 01.10.2022 година.

Бр.09-1087/4
30.09.2022 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за именување на Командант и членови на Штабот за заштита и спасување во Општина Ранковце

1.Се прогласува Одлуката за именување на Командант и членови на Штабот за заштита и спасување во Општина Ранковце, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.09.2022 година.

2.Одлуката за именување на Командант и членови на Штабот за заштита и спасување во Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1121/3
03.10.2022 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 110 став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), член 12 став 1 од Уредбата за начинот на пополнување на резервниот состав на силите за заштита и спасување и средствата од материјална обврска („Службен весник на РМ“ бр.18/06) и член 2 од Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 124/06 и 34/10), Советот на Општина Ранковце на 14-та седницата, одржана на ден 30.09.2022 година, д о н е с е

О Д Л У К А
Заименување на Командант и членови на Штабот
за заштита и спасување на Општина Ранковце

Член 1

1.За Командант на Штабот за заштита и спасување на Општината Ранковце се именува Борче Спасовски, Градоначалник на Општина Ранковце;

2. За Началник на Штабот за заштита и спасување на Општината Ранковце се именува Далибор Цветановски, вработен во Општина Ранковце на работно место Самостоен референт за Превенција и справување со кризни состојби;

3. Помошници на началникот за:

3.1. За оперативни работи се именува Александар Стојковски, вработен во Општина Ранковце;

3.2. За хуманитарни мерки за заштита и спасување:
- за прва медицинска помош се именува др.Томче Додевски;
- за згрижување и евакуација се именува Роберт Јакимовски, вршител на должноста в.д. директор на ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош‘‘- Ранковце;

3.3. За технички мерки за заштита и спасување:
- за заштита и спасување од пожари се именува Мирче Додевски, вработен во Јавното претпријатие Македонски шуми;
- за заштита и спасување од поплави се именува Ненад Петковски, вршител на должноста в.д. директор на Ј. К.П. ЧИСТ ДЕН - Ранковце;

4. Помошен персонал:
- Извршител - администратор се именува Сања Стојановска, вработена во Општина Ранковце;
- Извршител - курир/возач се именуваат Зорица Стаменковска и Мирче Миленковски, вработени во Општина Ранковце.

Член 2

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за именување Командант и членови на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце бр. 09-262/8 од 14.03.2018 година, Одлуката за разрешување и именување на Началникот и Помошник на началник на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце бр.09-1017/4 од 29.11.2018 година, Одлуката за разрешување и именување на Членови на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце бр.09-520/7 од 29.05.2019 година, Одлуката за разрешување и именување на Членови на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце бр.09-665/3 од 27.05.2021 година и Одлуката за разрешување и именување на Командант и Помошник на Началникот на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце бр.09-1385/5 од 10.12.2021 година,

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Ранковце“.

Бр.09–1087/5
30.09.2022 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година

1.Се прогласува Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.09.2022 година.

2.Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1121/4
03.10.2022 година

Општина Ранковце
Градоначалник

Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Vrz osnova na Zakonot za grade`no zemji{te („Sl.vesnik na RM“ br. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 i 142/16) i Pravilnikot za stepenot na ureduvaweto na grade`noto zemji{te so objekti na komunalnata infrastruktura i na~inot na utvrduvawe na visinata na tro{ocite za ureduvaweto vo zavisnost od stepenot na uredenost („Slu`ben vesnik na RM“ br.193/2016) i ~len 23 od Statutot na Op{tina Rankovce, Sovetot na Op{tina Rankovce, na sednicata odr`ana na den 30.09.2022 godina, donese:

P R O G R A M A
Za zimsko odr`uvawe na ulicite, trotoarite i lokalnite pati{ta vo Op{tina Rankovce za 2023 godina

Programata za zimskoto odr`uvawe na ulicite, trotoarite i lokalnite pati{ta vo tekot na zimskata sezona 2022-2023 godina }e bide prilagodena na klimatskite i reljefnite uslovi koi {to vladejat vo Op{tina Rankovce. Op{tinata Rankovce pretstavuva aluvijalna ramnina ograni~ena od sever и jug so ridsko planinski masiv. Naselenite mesta se od razbien tip, so umerena kontinentalna klima i so nedovolno razviena patna mre`a. Godi{nata programa }e gi opfati slednite segmenti:

- Organizacionata postavenost i obvrski na ovlasteniot itan a za zimsko odr`uvawe na ulicite, trotoarite i lokalnite pati{ta i na drugite u~esnici povrzani so izvr{uvawe na rabotite okolu otstranuvaweto na snegot i ledot, odnosno golomrazicata.
- Obem, dinamika i funkcionirawe na ovlastenata zimka slu`ba za otstranuvawe na snegot i ledot.
- Soobra}ajnici so prioritet na otstranuvawe na snegot i golomrazicata, kako i za posipuvawe i stavawe na soodveten abraziven material i spisok na kriti~ni to~ki i vitalni objekti.
- Broj i vid na mehani~ki sredstva, nivna namena, na~in i raspored na koristewe.
- Broj i raspored na lica koi u~estvuvaat vo izvr{uvaweto na rabotite svrzani so otstranuvaweto na snegot i ledot.
- Obvrska, uslugi i sredstva na drugi u~esnici koi se vklu~eni vo slu~aj na potreba.
- Mesta opredeleni za deponirawe na sobraniot sneg i led.
- Potrebni finansiski sredstva za sproveduvawe na Programata.

ORGANIZACIONA POSTAVENOST

Odr`uvaweto na ulicite, trotoarite i lokalnite pati{ta vo zimskiot period t.e.nivno ras~istuvawe od sneg i led i posipuvawe na istite so abrazivni materijali go vr{i Oddelenieto za urbanizam, komunalni dejnosti, soobra}aj i za{ita na `ivotnata sredina.

Op{tinata raspi{uva Oglas (tender) za pribirawe na ponudi za zimsko odr`uvawe na ulicite, trotoarite i lokalnite pati{ta.

OBEM I DINAMIKA

Obemot i dinamikata na odr`uvawe na ulicite, trotoarite i lokalnite pati{ta vo zimskite uslovi se opfateni vo Dogovorot. Potreba od zimsko odr`uvawe vo Op{tina Rankovce }e ima najmalku 3 meseci vo godinata i toa: dekemvri, januari i fevruari so po najmalku 24 efektivni rabotni ~asovi za eden mesec ili 72 efektivni rabotni ~asovi za tri meseci. Vo slu~aevi koga zimata zapo~nuva porano, a trae do pokasno ili imame pointenzivni vrne`i od
sneg vo tekot na ovie tri meseci so izveduva~ot na rabotite se pravi poseben dogovor za vi{okot na rabotnite efektivni ~asovi. Dokolku efektivnite rabotni ~asovi ne bidat iskoristeni vo obemot predviden so dogovorot, Op{tinata }e gi iskoristi za svoi potrebi vo tekot na zimskata sezona ili po zavr{uvawe na sezonata.

ULICI I LOKALNI PATI[TA VO OP[TINA RANKOVCE ZA KOI E POTREBNO ZIMSKO ODR@UVAWE

r.b.	Naseleno mesto	Paten pravec	Dol`ina vo m
1	Psa~a	A2-maala ^ivlk	850 m
2	Psa~a	A2-crkva Sveti Nikola	2 400 m
3	Psa~a	Psa~a-Odreno-Opila-A2	6 800 m
4	Psa~a	Школо-Ѓоринска Маала	800 m
5	Псача	Потрчин дол-Псачко Поле	1 000 м
6	Псача	Ново школо-Дамјанска маала	1 000 м
7	Petralica	A2-crkva Sveti \or|ija	5 800 m
8	Petralica	Trafostanica-Potr~in Dol	360 m
9	Petr-Odreno	S.Petralica-s.Odreno	900 m
10	Ginovci	A2-Milutince	3 600 m
11	Ginovci	A2-Miva gradba	360 m
12	Ginovci	A2-Железничка пруга	480 m
13	Rankovce	Rankovce-Oto{nica	5 500 m
14	Rankovce	A2-Kokinci	1 500 m
15	Rankovce	Desetak-Puzina maala	1 300 m
16	Rankovce	Policiska stan. -Kraj~ina	800 m

		Maala	
17	Rankovce	Ulici nad ambulanta	870 m
18	Rankovce	Pogon Karpo{- Kraj~ina Maala	860 m
19	Rankovce	Млин	450 m
20	Vetunica	A2-s.Vetunica-Стојкова Маала	2100 m
21	Opila	Babunci -Kotarinci-Ѓоргова маала	2 500 m
22	Радибуш	Сат-Црква Света Петка-Сугаревци-Којкарци	2 700 м

БРОЈ И ВИД НА МЕХАНИЧКИ СРЕДСТВА

Според должината на локалната патна мрежа зимското одржување на истите ќе биде извршено со едно возило опремено со нож за чистење на снегот и ледот и соларка за посипување со абразивен материјал. Возилото може да биде од различна марка. Во случај на пообилни врнежи ќе се ангажира и дополнителна механизација.

БРОЈ И РАСПОРЕД НА ЛИЦА

Како придружба на тракторот или скипот ќе биде ангажирано едно лице, а по потреба и уште едно лице во случај кога имаме невреме и многу ниски температури. Дополнителни лица ќе бидат вклучени ако за тоа има потреба и тоа за отстранување на снегот, ледот од тротоарите и улиците и утовар на истиот во камион или трактор и транспорт до депонија или друго место за депонирање кое накнадно ќе биде определено.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на индивидуалните станбени згради и влезовите на колективните станбени згради се должност на станарите од тие објекти.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на деловните објекти и работни организации се обврска и должност на сопствениците на тие објекти.

Абразивните материјали за посипување ќе бидат набавувани и складирани во соработка со избраниот понудувач.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Потребните финансиски средства за реализација на Програмата за зимското одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце во висина од 300 000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Ранковце.

Приходи:

1.Средства од Буџетот на Општината..... 300.000,00 денари

Расходи:

1.Ангажирање на возило со нож.....72 часа x 3.500,00 = 252.000,00 денари
2.Набавка на абразивни материјали
(сол и ризла) ..... 20 тони x 2.400,00 = 48.000,00 денари

_____

Вкупно: = 300.000,00 денари

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце„.

Бр. 09-1087/6
СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
30.09.2022 год.
Претседател,
Ранковце
Aleksandra Stamboliska-Jovanovska,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2022 година

1.Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2022 година, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.09.2022 година.

2.Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2022 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1121/5
03.10.2022 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на Република Македонија“ бр.193/16, 72/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/22) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце„ бр. 09/05, 04/10,3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2022 година

Во Програмата за уредување за градежно земјиште и одржување на комуналната инфраструктура во Општина Ранковце за 2022 година („Службен гласник на Општина Ранковце“ број 17/2021, 5/2022 и 9/2022), се вршат следните измени:

Во точка 6. Висина на надоместок за уредување на градежно земјиште и негова распределба ставовите (7), (8) и (9) се менуваат и гласат:
(7) „За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува за површина на градежна парцела и ќе изнесува 3000 денари/м2, помножена со утврден коефициент и утврден попуст даден во проценти.“
(8) „За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 5000 денари/м2 за градежна парцела помножена со утврден коефициент.“

(9)„За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 600.000 денари за една ветерница.“.

3. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр. 09-1087/7
30.09.2022 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска-Јовановска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за администрирање на даноци во Општина Ранковце за 2021година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за администрирање на даноци во Општина Ранковце за 2021година, донесен на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.09.2022 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за администрирање на даноци во Општина Ранковце за 2021година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1121/6
03.10.2022 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештај за администрирање на даноци во Општина Ранковце за 2021 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за администрирање на даноци во Општина Ранковце за 2021 година;

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за администрирање на даноци во Општина Ранковце за 2021 година;

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1087/8
30.09.2022 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2023 година**
2. **Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2023 година**
3. **Заклучок за прогласување на Одлуката за определување на цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и интерен отпад**
4. **Одлука за определување на цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и интерен отпад**
5. **Заклучок за прогласување на Одлуката за именување на Командант и членови на Штабот за заштита и спасување во Општина Ранковце**
6. **Одлука за именување на Командант и членови на Штабот за заштита и спасување во Општина Ранковце**
7. **Заклучок за прогласување на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година**
8. **Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година**

9. **Заклучок за прогласување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2022 година**
10. **Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2022 година**
11. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за администрирање на даноци во Општина Ранковце за 2021година**
12. **Заклучокот за усвојување на Извештај за администрирање на даноци во Општина Ранковце за 2021година**

_____/_____